Предлагач: Градоначалник на Општина Битола
д-р Владимир Талески

Изготвувач: Сектор за финансиски прашања
на Општина Битола

# З А В Р Ш Н А С М Е Т К А
## НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА БИТОЛА
## ЗА 2014 ГОДИНА

март, 2015 година

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на Р.М.“бр.5/2002) и член 36 став 1 точка 2 од Статутот на Општина Битола (“Службен гласник на Општина Битола бр.10/05), Советот на Општина Битола на 32-та седница одржана на 12.03. 2015 година, донесе

**З А В Р Ш Н А   С М Е Т К А**
**НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА БИТОЛА**
**ЗА 2014 ГОДИНА**

**Член 1**

Завршната сметка на Буџетот на Општина Битола за 2014 година се состои од:

| | Планирани | Реализирани |
|---|---|---|
| **-Вкупно приходи** | **1.381.796.429,00 денари** | **1.224.130.839,00 денари** |

| | | |
|---|---|---|
| Даночни приходи | 404.124.387,00 денари | 336.550.274,00 денари |
| Неданочни приходи | 50.470.145,00 денари | 23.357.579,00 денари |
| Капитални приходи | 70.205.342,00 денари | 48.374.881,00 денари |
| Трансфери | 114.156.370,00 денари | 136.478.556,00 денари |
| Дотации | 626.018.722 ,00 денари | 625.873.873,00 денари |
| Приходи од самофинансирачки активности | 95.931.904,00 денари | 47.754.034,00 денари |
| Донации | 20.889.559,00 денари | 5.741.642,00 денари |
| Пренесено салдо од 2013 година | 47.093.925,00 денари | |

**-Вкупно расходи 1.381.796.429,00 денари 1.165.155.715,00 денари**

| | | |
|---|---|---|
| Утврдени намени | 1.381.396.429,00 денари | 1.165.155.715,00 денари |
| Резерви | 400.000,00 денари | |

**-Салдо на 31-12-2014 година 58.975.124,00 денари**

**Член 2**

Разликата помеѓу остварените приходи и извршените расходи на Основниот Буџет во износ од **32.575.598,00 денари,** се пренесува како приход на основниот буџет на Општина Битола за 2015 година.

Разликата помеѓу остварените приходи и извршените расходи на Буџетот на Дотации во износ од **21.334.667,00 денари** се пренесува како приход на буџетот на наменски дотации на Општина Битола за 2015 година.

Разликата помеѓу остварените приходи и извршените расходи на Буџетот на Самофинансирачки активности во износ од **4.796.592,00 денари** се пренесува како приход на буџетот на самофинансирачки активности на Општина Битола за 2015 година.

Разликата помеѓу остварените приходи и извршените расходи на Буџетот на Донации во износ од **268.267,00 денари** се пренесува како приход на буџетот на донации на Општина Битола за 2015 година.

**Член 3**

Планираните и остварените приходи и приливи по извори и видови, односно планираните и извршените расходи и одливи по основни намени се искажани во Билансите на приходи и расходи на Завршната сметка на Буџетот на Општина Битола за 2014 година и тоа:

**Член 4**

Во Посебниот дел на Завршната сметка на Буџетот на Општина Битола за 2014 година се прикажуваат расходите по програми, по сметки и ставки.

**Член 5**

Општиот дел на Завршната сметка на Буџетот на Општина Битола за 2014 година се објавува во Службениот гласник на Општина Битола.

Бр. 09-202/3
12.03.2015 година
Битола

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА БИТОЛА**
д-р Силвана Ангелевска